Министерство за финансии

**Неделен економски преглед**
01 октомври – 05 октомври 2018 година

- Извозот на стоки во август 2018 година регистрираше раст од 17,4% во однос на истиот месец минатата година, додека кумулативно во периодот јануари – август 2018 година оствари раст од 14,9% во споредба со истиот период од 2017 година.
- Увозот на стоки во август 2018 година регистрираше раст од 11,2% во однос на истиот месец минатата година, додека кумулативно во периодот јануари – август 2018 година оствари раст од 11,8% во споредба со истиот период од 2017 година.
- Трговскиот дефицит во август 2018 година има пад од 4,7% во однос на истиот месец минатата година, додека кумулативно во периодот јануари – август 2018 година раст од 3,4% во споредба со истиот период од 2017 година.
- Бруто девизните резерви на крајот на септември 2018 година изнесуваат 2.709 милиони евра и во однос на септември 2017 година се зголемени за 19,3%.
- Според најновиот Редовен економски извештај на Светска банка за земјите од западен балкан, проектиран е раст на БДП во Македонија од 2,5% во 2018 година, со постепено зголемување на 2,9% и 3,2% во 2019 и 2020 година соодветно.
- Сезонски-прилагодената стапка на невработеност во еврозоната во август 2018 година изнесува 8,1% (намалување од 0,9 п.п. во однос на август 2017 година), додека во ЕУ изнесува 6,8% (намалување од 0,7 п.п. во споредба со август 2017 година). Стапката на невработеност во ЕУ и еврозоната е на најниско ниво од 2008 година.